Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Да се изврши: пресадување на урбано зеленило (јавно зеленило) на 25 (дваесет и пет) дрва (јавори), **на Бул. Илинден, во " Мега парк " во Општина Карпош – Скопје.**
2. Пресадувањето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена.
3. Пресадувањето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Карпош.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по службена должност, вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација на ден **14.10.2024** година. При тоа е утврдено дека дрвјата пречат за изведување на подготвителни работи за реализација на хортикултурно уредување на новиот Мега парк во Општина Карпош.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистичкиот план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горенаведениот закон, јавното зеленило предмет на ова решение се смета за "друго зеленило на јавни отворени простори". Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.

Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата пречат за изведување на подготвителни работи за реализација на хортикултурно уредување на новиот Мега парк во Општина Карпош, па поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**14.10.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје, Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

__________________________

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

__________________________

Пом. Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

__________________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

__________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено Pranuar | 15 10 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 08-5 | 346 | | |

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-сл./2** од 14.10.2024 год. донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-сл./2** од 14.10.2024 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност овој орган, заедно со стручни лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје има направено увид на ден **14.10.2024** година. При увидот е утврдено дека дрвата пречат за изведба на подготвителни работи за реализација на хортикултурно уредување на новиот Мега парк во Општина Карпош.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од пресадување на 25 дрва (јавори) и со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на подготвителните работи на хортикултурното уредување на новиот Мега парк во Општина Карпош, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа, смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-сл./3**
**14.10.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

______________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено Pranuar | 15 10 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. org. | Број Numer | Прилог Shtojca | Вредност Vlera: |
| 08-5 | 347 | | |